MACEDONIAN

Health
South Eastern Sydney
Local Health District

# КАКО ДА СЕ ГРИЖИТЕ ЗА СВОЈАТА КАНИЛА
## (CARING FOR YOUR CANNULA)

Овие информации ги даваат одговорите на неколку често поставени прашања во врска со вашата канила.

### Што е канила и каде ќе биде ставена?
**(What is a cannula and where will the cannula be put?)**

- Интравенозна канила е мало пластично цевче што се става во вената. Најчесто канилата се става на дланката или во раката.
- Канилата се користи за да се овозможи директно ставање лекови или течности во вената.
- Докторот или сестрата ќе се обидат да избегнат да ја стават канилата на раката со која што пишувате. Но, постои можност тоа да не може да се избегне.

### Дали има други начини освен ставање на канила?
**(Are there any alternatives to a cannula?)**

Можете да зборувате за можноста да се разгледаат други начини со персоналот што е вклучен во вашата нега. Но, одредени лекови можат да се дадат само преку канила.

### Како се става канилата? (How will the cannula be put in?)

Докторот или сестрата ќе проследат неколку чекори при ставањето на канилата. Тие чекори вклучуваат:

- Миење раце и носење ракавици.
- Чистење на кожата на местото каде што ќе се стави канилата со антисептичко средство.
- Користење стерилна опрема.
- Канилата се става во вената со тенка игла.

### Дали боли ставањето на канилата? (Is a cannula insertion painful?)

- Можно е да почувствувате остар убод штом ќе влезе иглата во кожата.
- Оваа болка брзо ќе помине штом ќе се намести канилата.

### Дали канилата може да испадне? (Can the cannula fall out?)

- Канилата ќе се зацврсти со проѕирна преврска. Најчесто не е потребно канилата да се преврзе со завој.
- Можно е канилата да испадне ако се разлабави преврската. Ве молиме да го известите персоналот ако таа се разлабави.

### Дали има некаков ризик? (Are there any risks?)

- Постои ризик од инфекција со секоја процедура при која што се прободува кожата. Канилата може да предизвика надразнување на вената.
- Тешките или неуспешните ставања на канила можат да доведат до модрици, згрутчено парче на крв, изместување на канилата или може да се задоцни третманот.

### Како ќе се грижи персоналот за мојата канила?
**(How will staff care for my cannula?)**

Редовната нега на вашата канила е важна за да се спречи инфекција. Затоа потребно е:

- Рацете да се мијат со сапун или алкохолно средство за раце пред и после допирањето на канилата и прикачените 'цевчиња'.
- Канила што ја ставил персоналот од брзата помош или во итни случаи, се вади во рок од 24 часа.
- Канилата редовно се проверува за знаци на надразнување, инфекција или затнување.
- Преврската се остава.
- За да се намали ризикот од компликации, преврската треба да се обележи со датумот кога е ставена. Ставањето на канилата треба да биде документирано во вашето медицинско досие.

## Како можам јас да помогнам во негата на мојата канила?
### (How can I help in the care of my cannula?)

- Обидете се да не ја гибате канилата и да не го фаќате обоеното капаче откако ќе се стави.
- Преврската и канилата треба да ги држите чисти и суви.
- Заштитете ја канилата од удари или од тргање.
- Мијте ги рацете откако ќе отидете в клозет.
- Кажете им на сестрата, бабицата или докторот ако:
  Имате болки, ви е жешко, студено или имате треска, ако има црвенило, ако нешто тече или има оток околу местото каде што влегува канилата или на местата каде што се врските.
- Кажете им на сестрите ако чувствувате како нешто да не е во ред со вашата канила или ако мислите дека нема потреба веќе од канилата.
- Преврската е отпорна на вода, меѓутоа, ви препорачуваме да се обидете да не ја киснете канилата. После туширање или миење, внимателно истапкајте го местото на канилата за да се упие влажноста.
- Не се плашете да го потсетите персоналот да си ги измијат рацете пред да ја допрат канилата. Не е неучтиво да го потсетите персоналот ако заборавиле.
- Не барајте од сестрите да ја откачат канилата за да се истуширате.
- Откачувањето на канилата може да ви го зголеми ризикот од инфекција.

## Кога ќе се извади канилата? (When will the cannula be removed?)

- Кај возрасните канилата обично се вади после 3 дена. Канилата може да се извади и порано ако дојде до некаков проблем или ако веќе не е потребна. Но, понекогаш може да има здравствени причини за оставање на канилата подолго време.
- Може да треба да се стави нова канила после овој период ако лечењето е сеуште потребно.
- Кога ќе се извади канилата, местото каде што била наместена може да го чувствувате малку помодрено. Ова може да трае и до една недела и е сосема нормално. Преврската што ќе се стави врз местото откако ќе се извади канилата најчесто може да се извади после неколку часа.
- Ако има некаков оток, болка, црвенило или нешто истекува од местото откако ќе се извади канилата, ве молиме да ѝ кажете на сестрата или на вашиот фамилијарен доктор.
- Канилата обично се вади пред да ве отпуштат од болница.
- Можно е да ве отпуштат од болница со канила ако лечењето треба да продолжи додека сте дома. Во тој случај патронажната сестра ќе ја прегледува канилата.

**Ако имате прашања за погоре наведените информации ве молиме да разговарате со некој од персоналот. Можете исто така да побарате и преведувач ако ви треба.**



South Eastern Sydney Local Health District
National Safety and Quality Health Service Standards.
Standard 3: Preventing and Controlling Healthcare Associated Infections
Pub. date: Feb 2014
Review date: Feb 2016
Issue No: 01
Department: Infection Control